**ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

ПРЕДЛАГАЧ: Стручната служба на Фондот

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

ИЗВЕСТИТЕЛ: Фатиме Неџипи, директор на Сектор

# ОДЛУКА

**за усвојување на Завршната сметка на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2024 година**

**Скопје, февруари 2025 година**

Врз основа на член 157 став 1 точка 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23 и 193/24), и член 24 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на РМ“, бр. 61/02, ... и 122/21), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, на седницата одржана на ден 27 февруари 2025 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за усвојување на Завршната сметка на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2024 година

Член 1

Се усвојува Завршната сметка на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2024 година (во натамошниот текст: Фонд), со следните приходи и расходи:

**во денари**

| | **Планирани** | **Остварени** |
|---|---|---|
| Вкупни приходи | **119.077.360.000,00** | **115.695.980.023,00** |
| Пренесени средства од 2023 год. | | **689.250.758,00** |
| Вкупни расходи | **119.077.360.000,00** | **115.250.664.951,00** |

Салдо на сметка **1.134.565.830,00**

Член 2

Планираните и остварените приходи по извори и видови на приходи и извршените расходи по основни намени се утврдени, и тоа:

| Шифра | БИЛАНС НА УСПЕХ<br>ВИД НА ПРИХОДИ ОДНОСНО РАСХОДИ | БУЏЕТ 2024 ГОДИНА со пренамени и одлука | ОСТВАРЕНО ВО 2024 ГОДИНА |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **119.077.360.000,00** | **115.695.980.023,00** |
| | **ИЗВОРНИ ПРИХОДИ** | **73.729.500.000,00** | **73.059.772.060,00** |
| **712** | **Придонеси од плати за социјални фондови** | **72.129.500.000,00** | **71.435.622.802,00** |
| 712111 | Придонес од добивка за ПИО за стаж на осигурување што се смета со зголемено траење | 728.000.000,00 | 687.280.057,00 |
| 712113 | Придонес од плати за ПИО за работници кај правни лица | 65.155.491.649,00 | 64.066.658.958,00 |
| 712114 | Придонес од плати на вработени кај физички лица кои вршат самостојна дејност | 0,00 | 0,00 |
| 712116 | Придонес за ПИО на физички лица кои вршат самостојна дејност | 1.339.000.000,00 | 1.488.844.790,00 |
| 712117 | Придонес за продолжено пензиско и инвалидско осигурување | 34.671.295,00 | 32.952.059,00 |
| 712121 | Придонес за ПИО за вработени кај странски и меѓународни органи и организации и дипломатски и конзуларни претставништва | 255.411.296,00 | 178.437.824,00 |
| 712122 | Придонес за ПИО за изминати години | 3.591.946.162,00 | 3.787.881.453,00 |
| 712124 | Придонес за ПИО за индивидуални земјоделци | 190.000.000,00 | 180.912.390,00 |
| 712125 | Придонес за ПИО што го плаќа ФПИОМ за корисниците на надоместоците по основ на инвалидност | 868.518,00 | 22.167,00 |
| 712411 | Придонес за ПИО што го плаќа Агенцијата за вработување на РСМ на невработени лица | 2.000.000,00 | 6.167.644,00 |
| 712412 | Придонес за ПИО за боледување над 21 ден од Фондот за здравствено осигурување на РСМ | 832.111.080,00 | 1.006.465.460,00 |
| 712416 | Придонес за ПИО за мерки од влада | 0,00 | 0,00 |
| 712414 | Придонес за ПИО за мерки од влада | 0,00 | 0,00 |
| 712415 | Придонес за пензиско и инвалидско осигурување субвенциониран од Државата | 0,00 | 0,00 |
| **714** | **ДОМАШНИ ДАНОЦИ НА СТОКИ И УСЛУГИ** | **1.600.000.000,00** | **1.624.149.258,00** |
| 714212 | Акциза на моторен бензин | 1.600.000.000,00 | 1.624.149.258,00 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **500.000.000,00** | **144.793.509,00** |
| **721** | **Претприемачки приходи и приходи од имот** | **0,00** | **0,00** |
| 721311 | Камати од депозити во комерцијални банки | 0,00 | 0,00 |
| **723** | **Такси и надоместоци** | **57.000.000,00** | **21.080.374,00** |
| 723911 | Закупнини од објекти | 57.000.000,00 | 21.080.374,00 |
| **725** | **Други неданочни приходи** | **443.000.000,00** | **123.713.135,00** |
| 7259 | Останати неданочни приходи | 443.000.000,00 | 123.713.135,00 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **10.000.000,00** | **17.694.950,00** |
| **734** | **Приходи од дивиденди** | **10.000.000,00** | **17.694.950,00** |
| 734111 | Дивиденда по основ на акции стекнати од трансформацијата | 10.000.000,00 | 17.694.950,00 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **44.827.860.000,00** | **42.473.719.504,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **44.827.860.000,00** | **42.473.719.504,00** |
| 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 515.000.000,00 | 515.000.004,00 |
| 741112 | Трансфери од Буџетот на РСМ | 44.312.860.000,00 | 41.958.719.500,00 |
| | | | |
| **77** | **ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **10.000.000,00** | **0,00** |
| **771** | **Продажба на хартии од вредност** | **10.000.000,00** | **0,00** |
| 771212 | Приходи од продажба на удели, акции и други хартии од вредност | 10.000.000,00 | 0,00 |
| | | | |
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **119.077.360.000,00** | **115.250.664.951,00** |
| | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **119.077.360.000,00** | **115.250.664.951,00** |
| **40** | **Плати и надоместоци за вработените** | **364.640.000,00** | **363.125.489,00** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | 257.640.000,00 | 257.636.524,00 |
| 402 | Придонес за социјално осигурување од работодавците | 100.500.000,00 | 99.996.965,00 |
| 404 | Надоместоци | 6.500.000,00 | 5.492.000,00 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **163.543.313,00** | **155.443.711,00** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 700.000,00 | 641.556,00 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 53.000.000,00 | 53.067.040,00 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 13.250.000,00 | 13.228.715,00 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 44.027.000,00 | 39.504.150,00 |
| 425 | Договорни услуги | 46.300.000,00 | 45.490.124,00 |
| 426 | Други тековни расходи | 6.266.313,00 | 3.512.126,00 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **48.156.533,00** | **44.620.167,00** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 1.500.000,00 | 0,00 |
| 464 | Разни трансфери | 17.500.000,00 | 15.423.400,00 |
| 465 | Исплата по извршни исправи | 29.156.533,00 | 29.196.767,00 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **118.446.720.154,00** | **114.642.753.985,00** |
| **472** | **Плаќања на бенефиции од Фондот за ПИОМ** | **118.446.720.154,00** | **114.642.753.985,00** |
| 472110 | Плаќања до пензионери од Фондот за ПИОМ | 90.815.220.000,00 | 90.274.869.472,00 |
| 472210 | Плаќања до инвалидите од Фондот за ПИОМ | 80.500.154,00 | 2.372.611,00 |
| 472310 | Плаќање по основ на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување | 15.300.000.000,00 | 14.221.457.988,00 |
| 472410 | Придонеси за здравствено осигурување на корисниците на пензија | 11.751.000.000,00 | 9.664.563.914,00 |
| 472910 | Исплати за солидарен фонд за починати корисници на пензии | 500.000.000,00 | 479.490.000,00 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **54.300.000,00** | **44.721.599,00** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 25.500.000,00 | 21.369.642,00 |
| 481 | Градежни објекти | 28.800.000,00 | 23.351.957,00 |
| 482 | Други градежни објекти | 0,00 | 0,00 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 0,00 | 0,00 |
| 486 | Купување на моторни возила | 0,00 | 0,00 |

**Член 3**

Извештајот за финансиското работење на Фондот за 2024 година со остварените приходи и извршените расходи е составен дел на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Број: 02-945/1**
**Скопје 27.02. 2025 год.**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА УПРАВЕН ОДБОР,**
**Јасмина Вукиќевиќ**

# И З В Е Ш Т А Ј

## за финансиското работење на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2024 година

Со Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2024 година, планирано беше финансиското работење на Фондот да се оствари со избалансирани приходи и расходи. Основ за баланс меѓу приходите и расходите беа макроекономските индикатори добиени од Министерството за финансии за пораст на приходите од придонесите за 8,7% (6,4% од предвидениот пораст на платите и 2,3% пораст на вработеноста), стапката на придонес од плата за пензиско и инвалидско осигурување од **18,8%,** како и обезбедените средства од Буџетот на Републиката за редовните обврски, за транзиционите трошоци и за покривањето на дефицитот на Фондот.

Порастот на платите и вработеноста и стапката на придонес од плата за ПИО се најзначајни фактор по кои се пресметува и плаќа придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и тие значајно влијаат на износот на остварените изворни приходи на Фондот.

Со Буџетот на Фондот за 2024 година беше предвидено да се остварат вкупни приходи и вкупни расходи во износ од 110.504,02 милиони денари. Стручната служба на Фондот во текот на годините редовно ја следеше финансиската состојба, односно приливот на средства на приходната страна, како и одливот на средствата на расходната страна. Во август 2024 година се донесе ребалансот на Буџетот кај одредени ставки со цел за редовно извршување на обврските за исплата на пензиите и на другите расходи.

Со изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Фондот за 2024 година, вкупните приходи и вкупните расходи се зголемија за 8.573,34 милиони денари и истите беа проценети на 119.077,36 милиони денари. Изменувањето на Буџетот е направено во делот на зголемени приходи од придонеси за износ од 2.061,00 милиони денари, потоа зголемен е трансферот од буџетот за 6.212,34 милиони денари, за 100,00 милиони денари зголемен е и приходот од акциза и за 200,00 милиони денари се зголемени другите приходи.

Во делот на расходите, тие во делот на исплатата на пензиите се зголемени за 5.920,22 милиони денари, за 1.700,00 милиони денари се зголемени средствата за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, средствата за придонес за здравствено осигурување се зголемени за 879,00 милиони денари и средствата за други расходи се зголемија за 74,12 милиони денари.

Освен трансферните средства од Буџетот на Републиката утврдени со Буџетот на Фондот за 2024 година, Фондот користеше и позајмици за исплата на пензиите за месец октомври и ноември 2024 година.

Во 2024 година, вкупните приходи на Фондот, без пренесените парични средства од 2023 година (кои беа во износ од 689,25 милиони денари), изнесуваа 115.695,98 милиони денари и истите се помали од планираните приходи за 2,84%. Вкупните приходи во 2024 година се повисоки за 20,07% во споредба со истите во 2023 година, кога изнесуваа 96.352,72

милиони денари. Вкупните расходи на Фондот во 2024 година изнесуваат 115.250,66 милиони денари и за 3,21% се пониски од планираните расходи. Вкупните расходии во 2024 година се повисоки за 15.783,9 милиони денари, или за 15,87% во споредба со истите во 2023 година, кога изнесуваа 99.466,76 милиони денари.

Вкупно остварените приходи на Фондот во 2024 година во износ од **115.695,98 милиони денари**, заедно со пренесените парични средства од 2023 година во износ од 689,25 милиони денари, вкупно изнесуваат **116.385,23 милиони денари**, а вкупните расходи изнесуваат **115.250,66 милиони денари**. Салдото на паричните средства на 31 декември 2024 година изнесува **1.134,57 милиони денари.**

## I.Вкупни приходи

**Вкупните приходи** на Фондот во 2024 година изнесуваат 115.695,98 милиони денари и се остварени од:

- изворни приходи во износ од 71.435,62 милиони денари или 61,74% од вкупните приходи,
- средства од Буџетот на Републиката во износ од 42.473,72 милиони денари или 36,71%,
- средства од акцизи во износ од 1.624,15 милион денари или 1,40%,
- приходи од дивиденда во износ од 17,70 милиони денари од или 0,02%, и
- други приходи во износ од 144,79 милиони денари или 0,13%.

### 1) <u>Изворни приходи на Фондот, односно средства од придонесите</u>

- **Придонесот од плата** и во 2024 година се пресметуваше по стапка од 18,8% на бруто исплатената плата. Истиот е основен и најголем извор за финансирање на Фондот. Остварените приходи од придонесот од плата изнесуваат 69.039,46 милиони денари и истите се во рамките на планираните приходи.

Учеството на придонесот од плата во вкупните приходи изнесува 59,67%. Во 2024 година се наплатени вкупно 67,50 милиони денари заостанати придонеси и камати по основ на задоцнети плаќања на придонесите за ПИО до 2008 година, како резултат на зголемената активност на Одделението за наплата на придонеси.

- **Придонесот од доход (бенефициран стаж)** се пресметува од платите на вработените кај кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење поради тежината на работата која ја извршуваат и условите под кои работат, а според утврдени законски стапки во зависност од бројот на месеците кои се сметаат во стаж на осигурување со зголемено траење. Овие приходи во 2024 година изнесуваат 687,28 милиони денари и истите во вкупните приходи учествуваат со 0,59%. Овие остварени приходи во споредба со планираните средства со Буџетот на Фондот за 2024 година се намалени за 5,59%, или во износ од 40,72 милиони денари.

- **Приходите од придонес од плата од физичките лица што вршат дејност и вработените кај нив,** во 2024 година се остварени во износ од 1.521,80 милиони денари и истите се повисоки за 13,65% во споредба со планираните, како резултат на зголемен број на обврзници кои го плаќаат придонесот од оваа категорија на обврзници, односно зголемениот број на вработени во приватниот сектор. Овие приходи учествуваат во вкупните приходи на Фондот со 1,32%.

- **Приходите од придонесот кои ги плаќаат индивидуалните земјоделци** се остварени во износ од 180,91 милион денари. Овие приходи во 2024 година се во рамките на планираните средства со Буџетот на Фондот. Учеството на овие приходи во вкупните приходи на Фондот изнесува 0,16%.

- **Приходите од Агенцијата за вработување** се дозначени по основ на плаќање на придонес за невработени лица кои примаат паричен надоместок, но кои имаат остварено стаж помалку од 15 години. Во 2024 година, по овој основ се дозначени средства во износ од 6,17 милиони денари и истите во споредба со планираните средства во Буџетот за 2024 година во износ 2,00 милиони денари се повисоки за 4,17 милиони денари. Овие средства се намалуваат секоја година поради намалувањето на бројот на лицата за кои се плаќа придонес. Тоа е поради измена на законските прописи во насока да се плаќа придонес само за лицата кои немаат навршено 15 години пензиски стаж. Исто така, согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Агенцијата за вработување придонесот за пензиско и инвалидско осигурување го пресметува и плаќа по стапка од 18,8% на нето, наместо на бруто основица, истиот го пресметува на надоместокот, а не на основицата од која е пресметан надоместокот. Учеството на овие приходи во вкупните приходи изнесува 0,01%.

**2. Приходите од акцизите** се даночни приходи кои се остваруваат како дел од приходите од акциза остварени од продажба на нафтени деривати, кои во 2024 година се остварени во износ од 1.624,15 милион денари и истите во вкупните приходи учествуваат со 1,40%. Овие приходи се пресметуваат по стапка од 9,18% од платената акциза на набавените нафтени деривати.

**3. Трансферните средства од Буџетот на Републиката** се остварени во износ од 42.473,72 милиони денари, и тоа за следните намени:

- 1.842,38 милиони денари за исплата на редовните обврски остварени под поповолни услови, воени и минимални земјоделски пензии и друго;

-23.119,60 милиони денари за покривање на тековниот дефицит на Фондот;

-15.300,00 милиони денари за транзициони трошоци;

-515,00 милиони денари од Министерството за одбрана, а се однесуваат за исплата на пензиите остварени според Законот за АРМ.

- Во трансферните средства влегуваат 1.696,74 милиони денари за финансиска поддршка на корисниците на пензија, согласно Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани.

Остварените средства од Буџетот на Републиката се извршени во износ 94,75% од планираните средства со Буџетот на Фондот. Учеството на приходите од Буџетот на Републиката во вкупните приходи на Фондот изнесува 36,71%. Средствата од Буџетот на Републиката е втор по големина приход и претставува значајна ставка во финансирањето на пензиското и инвалидско осигурување.

Во 2024 година средствата од Буџетот на Републиката редовно се дозначуваа пред исплатата на пензиите и имаа значајно влијание врз ликвидноста на Фондот, што овозможуваат редовна исплата на пензиите во воспоставените рокови.

**4. Приходите од дивиденда** во 2024 година се остварени во износ од 17,70 милиони денари.

**5. Од другите приходи** остварени се средства во износ од 144,79 милиони денари и истите се помали за 71,04% од планираните средства со Буџетот за 2024 година. Другите приходи се однесуваат на: приходи од закупнина во износ од 21,08 милион денари, 16,74 милиони денари од надомест на штета, 7,24 милиони денари од вратени пензии од странство, 51,05 милиони денари од приходи остварени од минат период, 0,09 милиони денари од вратени девизи од пензии во странство, 0,29 милиони денари се вратени средства од Солидарен фонд, 32,44 милиони денари од камати по основ на ненавремени плаќања на придонес од ПИО, 14,97 милиони денари надомест од приватни фондови за вршење на дејноста на Фондот и 0,89 милиони денари од останати приходи.

Остварените средства по видови на приходи се следните:

| Ред. Број | Вид на приход | Ребаланс на Буџет за 2024 год со прераспределби | Остварено I-XII 2023 | Остварено I-XII 2024 | Индекс 4:2 | Индекс 4:3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Придонес од плата | 69.870,50 | 61.205,73 | 69.039,46 | 98,81 | 112,80 |
| 2 | Придонес од доход | 728 | 601,86 | 687,28 | 94,41 | 114,19 |
| 3 | Приватен сектор | 1.339,00 | 1.347,08 | 1521,8 | 113,65 | 112,97 |
| 4 | Индивидуални земјоделци | 190 | 180,48 | 180,91 | 95,22 | 100,24 |
| 5 | Приходи од Агенцијата за вработување | 2 | 5,82 | 6,17 | 308,50 | 106,01 |
| | **Вкупно придонеси** | **72.129,50** | **63.340,97** | **71.435,62** | **99,04** | **112,78** |
| 6 | Приходи од акцизи | 1.600,00 | 1.492,03 | 1.624,15 | 101,51 | 108,86 |
| 7 | Трансфер од Буџет на Републиката | **44.827,86** | **31.378,76** | **42.473,72** | 94,75 | 135,36 |
| 8 | 1.Редовни обврски по закон | 2.000,00 | 1.500,00 | 1.842,38 | 92,12 | 122,83 |
| 9 | 2.Покривање дефицит | 27.012,86 | 16.515,50 | 23.119,60 | 85,59 | 139,99 |
| 10 | 3.Транзициони трошоци | 15.300,00 | 12.400,00 | 15.300,00 | 100,00 | 123,39 |
| 11 | 4.Трансфер од Министерство за одбрана | 515,00 | 522,92 | 515,00 | 100,00 | 98,49 |
| 12 | 5. Приходи од финасиска подршка | 0,00 | 440,34 | 1.696,74 | 0,00 | 385,32 |
| 13 | Други приходи | 500,00 | 131,00 | 144,79 | 28,96 | 110,53 |
| 14 | Приходи од дивиденда | 10,00 | 9,72 | 17,70 | 177,00 | 182,10 |
| 15 | Приходи од продажба на хартии од вредност | 10,00 | 0,24 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | **Вкупни приходи** | **119.077,36** | **96.352,72** | **115.695,98** | **97,16** | **120,08** |

**Структурата на приходите е дадена во следниот графикон**




Според дадената структура, најголемо е учеството на придонесот од плати со 59,67%, втор по големина е трансферот од Буџетот на Републиката со учество од 36,71%, или по двата основа учеството изнесува 96,38%, додека од сите други приходи учеството е 3,62%.

## II. Вкупни расходи

**Вкупните извршени расходи на Фондот** во 2024 година изнесуваат **115.250,66 милиони** денари и истите во однос на Буџетот се остварени во износ од **96,79%.**

Расходите во Буџетот на Фондот за 2024 година се однесуваат за: исплатата на пензиите, трансферот на средства за приватните пензиски фондови, надоместокот за телесно оштетување, надоместоците од инвалидското осигурување, придонесот за здравствено осигурување, надоместокот на Стручната служба на Фондот, другите трошоци, капиталните расходи и за реконструкцијата на деловните објекти на Фондот.

**1. Расходите за пензии** изнесуваат 90.646,54 милиони денари, или 78,65% во однос на вкупните расходи, а во однос на планираните средства со Буџетот, извршувањето изнесува 99,27%.

Расходите за пензии се однесуваат за: редовните пензии во и надвор од Републиката во износ од 90.366,12 милиони денари или 99,69% од вкупните редовни пензии; 6,11 милиони денари, или 0,01% за исплата на минималните земјоделски пензии и 274,31 милион денари или 0,30% за исплата на воените пензии.

1.1. Расходите за редовните пензии од работничко осигурување во износ од 90.366,12 милиони денари, се во рамките на планираните средства со буџетот, односно се остварени во износ од 99,27%. Зголемувањето на расходите за пензии во однос на 2023 година се должи на усогласувањето на пензиите од 5,30% од 1 ви март и зголемувањето на пензиите за 2.500 денари од 1 ви септември 2024 година. На зголемувањето на расходите за пензии, влијание имаат и промените кои настануваат во износите на пензијата со приливот и одливот на корисниците на пензија, како и приливот на нови корисници на пензија.

1.2. Расходите за исплата на пензиите за минималните земјоделски пензии изнесуваат 6,11 милиони денари и истите се пониски за 6,00% во однос на планираните. Бројот на корисниците на земјоделска пензија со состојба на 31.12.2024 година изнесува 37 и истиот во однос на 2023 година е намален за 10 корисници.

1.3. Расходите за исплата на воените пензии се 274,31 милион денари и истите се помали од планираните средства за 2,03%. Бројот на корисници на воена пензија изнесува 729 корисници и истиот во однос на 2023 година е намален за 61 корисник.

**Корисниците на пензија со 31 декември 2023 и 2024 година изнесува:**

| Реден број | Вид на пензија | 31.12.2023 | 31.12.2024 | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Старосна пензија | 235.957 | 245.744 | 104,15 |
| 2 | Инвалидска пензија | 26.814 | 25.445 | 94,89 |
| 3 | Семејна пензија | 74.206 | 73.839 | 99,51 |
| | **Вкупно** | **336.977** | **345.028** | **102,39** |
| 4 | Воени пензии | 790 | 729 | 92,28 |
| 5 | Земјоделски пензии | 47 | 37 | 78,72 |
| | **Вкупно** | **337.814** | **345.794** | **102,36** |

Вкупниот број на корисници на пензија од работничко осигурување во 2024 година во споредба со 2023 година, е зголемен за 2,39%, а заедно со минималните земјоделски и воени пензии, зголемувањето изнесува 2,36%. Порастот на пензионери во 2024 година се должи на донесениот Закон за изменување и дополнување на законот за работни односи објавен на 6 јули 2021 година, во кој член 1 гласи: „Договорот за вработување работодавачот го прекинува кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж, доколку со друг закон поинаку не е уредено" и член 2 кој гласи: „Договорот за вработување од ставот 1 на овој член важи до истекот на времето за кое е продолжен, а најдоцна до 30.06.2024 година.

Структурата на корисници на пензија е дадена во следниот графикон:



Во рамките на вкупниот број на корисници на пензија, 245.744 лица или 71,07% се корисниците на старосна пензија, корисниците на семејна пензија се 73.839 лица или 21,35%, корисници на инвалидска пензија се 25.445 или 7,36%, корисници на воените пензии се 729 лица со учество од 0,21% и корисници на минималните земјоделски пензии се 37 лица или 0,01%.

Пораст на бројот на корисниците на пензија во 2024 година е остварен кај корисниците на старосна пензија, и тоа од 4,15%, додека кај корисниците на семејна пензија има намалување за 0,49%, кај корисниците на инвалидска пензија намалувањето изнесува 5,11%, додека кај воените и земјоделските пензионери намалувањето е поголемо. За зголемувањето од 4,15% на корисниците на старосна пензија, влијание има зголемениот број на поднесени и решени барања за остварување на правото на старосна пензија согласно исполнувањето на условите за стекнување на правото за пензија.

**Просечните пензии** (од работничко право) по видови на пензии, во декември 2024 година изнесуваат:

| **Вид на пензија** | **2024 година** |
|---|---|
| Старосна пензија | 25.411 |
| Инвалидска пензија | 21.320 |
| Семејна пензија | 19.200 |
| **Просечна пензија од работничко право** | **23.767** |
| Земјоделска пензија | 13.429 |
| Воена пензија | 32.581 |
| **Просечна пензија од сите корисници на пензија** | **23.785** |

Просечниот износ на пензија од работничко осигурување во декември 2024 година изнесува 23.767 денари и е резултат на извршеното усогласување на пензиите од 1 ви март 2024 година со 5,30% и извршеното зголемување на пензиите за 2.500 денари од 1 ви септември 2024 година.

Вкупната просечна пензија со воените и минималните земјоделски пензии во декември 2024 година изнесува 23.785 денари. Притоа 25.411 денари е просечната старосна пензија, 21.320 денари е просечната инвалидска пензија, 19.200 денари е просечната семејна пензија, 13.429 денари е просечната земјоделска пензија и 32.581 денар е просечната воена пензија.

Учеството на вкупната просечна пензија исплатена за декември 2024 година во износ од 23.785 денари во просечната плата (43.587 денари за декември 2024 година), изнесува 54,57%.

**2. Расходите за плаќање на придонесите на членовите во приватните пензиски фондови** изнесуваат 14.221,46 милиони денари. Овие расходи се извршени на ниво од 92,95% во однос на планираните средства со Буџетот на Фондот и извршените одлуки и пренамени на средствата на поодделни сметки. Бројот на осигурениците - членови во приватните пензиски фондови, на крајот на 2024 година, изнесува 610.855 членови или за

3,01% или 17.832 членови повеќе во однос на 2023 година, а поради задолжителното зачленување во приватните пензиски фондови на сите нововработени лица кои ги исполнуваат условите да бидат членови во вториот столб.

**3. Расходите за паричен надоместок за телесно оштетување** изнесуваат 107,82 милиони денари и истите во вкупните расходи учествуваат со 0,09%. Паричен надоместок се исплаќа на 8.175 корисници, од кои 1.918 корисници се со единствено право и 6.257 корисници се со остварено право на пензија.

**4.Расходите за надоместоците за правата од инвалидското осигурување** изнесуваат 2,37 милион денари. Надоместоците од инвалидското осигурување во 2024 година во споредба со планираните средства со Буџетот на Фондот се извршени со 47,4%.

**5. За придонесот за здравствено осигурување** на корисниците на пензија, во 2024 година се исплатени средства во износ од 9.664,56 милиони денари или 8,39% во однос на вкупните расходи. Овие расходи се помали од планираните средства со Буџетот на Фондот и извршени се со 82,24%. Согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, стапката на придонес изнесува 13,0% на исплатените пензии.

**7.Платите на вработените во Стручната служба на Фондот и надоместоците** во 2024 година изнесуваат 363,13 милиони денари, или 0,32% во однос на вкупните расходи. Извршените расходи за платите на вработените на Стручната служба се на нивото на планираните средства во буџетот за 2024 година.

**8. Другите расходи** во 2024 година се извршени во износ од 200,06 милиони денари, или 0,17% во однос на вкупните расходи. Овие трошоци во однос на планираните во буџетот се извршени со 95,45%. Извршените трошоци се однесуваат за следното: 53,07 милиони денари за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт; 13,23 милиони денари за канцелариски материјал, средства за хигиена и материјали за АОП; 39,50 милиони денари за поправки и сервисирање на софтверска и друга опрема, за сервисирање на возила, како и за тековно одржување на деловните објекти; 45,49 милиони денари за банкарска провизија, за плати за вработени по договор на дело, за персонален данок за договор на дело, за услуги за копирање и печатење на материјали, за плаќање на судски такси, за осигурување на недвижности и права и друго; 3,51 милион денари за други тековни расходи, односно за репрезентација, за објавување на огласи, за скенирање на податоци од матична евиденција, за членарини, за семинари и друго; 0,64 милиони денари за патни расходи и 44,62 милиони денари за исплати по извршни исправи и за трансфер при пензионирање, посмртнини и друго.

**9. Капиталните трошоци** се извршени во износ од 21,37 милиони денари и се во рамките на планираните средства за оваа намена, кои во буџетот беа планирани во износ од 25,50 милиони денари. Во 2024 година овие средства се потрошени за купување на софтверска, информатичка и канцелариска опрема.

**10. Трошоците за реконструкција на деловните објекти** се извршени во износ од 23,35 милиони денари, односно во помал износ од предвидените 28,80 милиони денари во Буџетот за 2024 година.

Вкупните расходи на Фондот во 2024 година се дадени во следната табела:

| Ред. Број | Вид на расход | Буџет за 2024 год со прераспределби | Остварено I-XII 2023 | Остварено I-XII 2024 | Индекс 4:2 | Индекс 4:3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Вкупно пензии | 91.392,82 | 78.063,34 | 90.754,36 | 99,30 | 116,26 |
| 2 | Плаќ.по основ на задол.кап.осиг. | 15.300,00 | 12.172,58 | 14.221,46 | 92,95 | 116,83 |
| 3 | Надоместоци од инвалидско осигурување | 5,00 | 2,578 | 2,37 | 47,40 | 91,93 |
| 4 | Придонес за здраствено осигурување | 11.751,00 | 8.664,41 | 9.664,56 | 82,24 | 111,54 |
| 5 | Плати и надоместоци | 364,64 | 308,61 | 363,13 | 99,59 | 117,67 |
| 6 | Др. расходи, капитални трошоци, реконс. на деловни објекти и др. градежни објекти | 263,90 | 255,24 | 244,78 | 92,75 | 95,90 |
| | **Вкупни расходи** | **119.077,36** | **99.466,76** | **115.250,66** | **96,79** | **115,87** |

Структурата на вкупните расходи на Фондот е следната




Во структурата на вкупните расходи, најголемо е учеството на расходите за пензии и телесно оштетување во износ од 78,75% и расходот за придонесот за здравствено осигурување кој е 8,39%. Со тоа, учеството на бруто - пензиите во вкупните расходи изнесува 87.14%. Во останатите расходи, 12,34% е учеството на плаќањата по основ на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, 0,32% е учеството на платите за вработените и надоместоците и 0,21% е учеството на другите расходи.

## III. Финансиски резултат

Во 2024 година, Фондот оствари вкупни приходи во износ од **115.695,98 милиони денари** и вкупни расходи од **115.250,66 милиони денари.**

Оттука, салдото на средства е позитивно и изнесува **445,32 милиони денари**. Со пренесените парични средства од 2023 година од 689,25 милиони денари, салдото на паричните средства на 31.12.2024 година изнесува **1.134,57 милиони денари.**

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, Фондот во целост и навремено ги изврши сите активности согласно законот, односно се вршеше редовна и навремена исплата на пензиите во првата недела од месецот, како и придонесите за здравствено осигурување за корисниците на пензија и исплатата на трошоците за Стручната служба.